replek

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2576/1
26.04. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва и член 36 од Правилата за котација, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)

Член 1

Согласно Одлуката за распределба на добивка остварена по годишна сметка за 2022 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2022 година во висина од 1.800 денари нето, односно 2.000 денари бруто, за една акција.
Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен датум за тргување со право на дивиденда за 2022 година е 05.05.2023 година.

Член 3

Прв датум за тргување без право на дивиденда за 2022 година е 08.05.2023 година.

Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2022 година е 09.05.2023 година.

Член 5

Исплата на дивидендата за 2022 година ќе започне од 15.06.2023 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

Венко Темелковски

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје